Бр./Nr 12-1403/5
01.06 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 -та седница, на продолжението одржано на ден 22 Мај 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2238/1 од 03.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител, а со која се изразуваат наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата и за прибавување на противправна имотна корист преку склучени договори за продажба на -------------------- од страна на поранешен ------------------- директор на ------------------------ – лицето -------------------, во содејство со Раководител на ---------------------- – лицето -------------------- и одговорни лица од правното лице ---------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2238 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2238/1 од 03.04.2019 година.

По однос на предметниот пријавен случај дејствија за утврдување на причинетата штета и на одговорноста на секој од сторителите презема надлежниот орган – Основното јавно обвинителство --------------------- во предметот кој кај ова Јавно обвинитекство се води под бр. -----------------------

Предметот со број 12-2238 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2238 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2238/1 од 03.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Пријавата содржи наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата и за прибавување на противправна имотна корист преку склучени договори за продажба на -------------------- од страна на поранешен -------------- директор на -------------------- – лицето -----------------, во содејство со Раководител на ---------------------- – лицето ----------------- и одговорни лица од правното лице----------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на Иницијативи за надлежно постапување во рамки на нивните надлежности - до Министерството ---------------------- и до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Последователно, по достава на иницијативите, односно и по достава на ургенции до наведените министерства Државната комисија за спречување на корупцијата со писмен одговор доставен од Министерството за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност (БЈБ) – Оддел за криминалистичка полиција, Сектор за економски криминал и корупција – Единица за економски криминал е/беше известена дека, врз основа на дадени насоки од Одделот за криминалистичка полиција, Секторот за внатрешни работи -------------, до овој Оддел при БЈБ доставил соодветна информација за тоа дека СВР --------------------- веќе постапил на предметниот кривично правен настан, како и дека по однос на истиот е веќе оформен предмет и е издадена соодветна наредба од Јавен обвинител од надлежното Основно јавно обвинителство ----------------------.

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата се потврдуваат, а дека по однос на предметниот пријавен случај дејствија за утврдување на причинетата штета и на одговорноста на секој од сторителите презема надлежниот орган – Основното јавно обвинителство ----------------- во предметот кој кај ова ОЈО се води под бр. ----------------------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 22 Мај 2020 година под бр. 12-1403/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930